ВО КИНА

# Слеп активист избега од куќен притвор

**ПЕКИНГ (ДПА)** - Слеп активист за граѓански права и слободи побара засолниште во Пекинг, откако побегна од куќен притвор во неговиот дом во источна Кина, соопштија вчера симпатизери и активисти за човекови права. Чен Гуангченг е "100-процентно безбеден" на тајна локација во Пекинг, објави христијанската група Чајна ејд со седиште во САД, цитирајќи го изворот "што го донел Ченг во Пекинг". Чен планира "да се бори до крај за слобода на семејството во Кина", објави групата цитирајќи ја пораката што тој ја прати преку неговите извори.



*Чен Гуангченг, активист за граѓански права и слободи, побара засолниште во Пекинг, откако побегна од куќен притвор во неговиот дом во источна Кина*

"Сакам да живеам нормален живот како и секој Кинез заедно со моето семејство", рече Чен.

Боб Фу, основачот на Чајна ејд, изјави дека е во контакт со Чен и неговото семејство.

Групата објави и некои шпекулации дека Чен се наоа во Американската амбасада во Пекинг, но портпаролот на амбасадата рече дека нема никакви информации по тоа прашање.

Чен (40) ослепел од болест што ја имал кога бил дете. Се наоѓаше во куќен притвор откако ја отслужи 4,5-годишната затворска казна во септември, 2010 година. Самоукиот активист стана познат во 2005 година, кога им даде поддршка на десетици локални жители кои ја обвинија службата за планирање на семејството за принудно стерилизирање на илјадници жени и принудување на некои трудници да абортираат по третиот месец од бременоста, што е медицински недозволено поради опасност по животот на трудницата.

---

ЕВТИНИ ПРИКАЗНИ

Пишува: Биљана Секуловска



## Уметноста на врбите

**Не знае, госпоѓо Велјанова, а се обложувам дека и нема поим која сте вие, не па дека сте една од најдобрите актерки на македонското глумиште. Не знае ниту што зборувате, а и зошто воопшто кога ви го краде театарот**

Француските избори се единственото вредно за памтење оваа недела. И немаат ништо заедничко со нашата безвредна меморија. Што имаме ние блескаво и за почит за да запамтиме?

Можеби, трите врби, за кои власта пресметала дека чинат 250 илјади евра, додека некои млади луѓе излегоа со податокот дека чесната сума е 150 евра за три садници. Во меѓувреме, се огласи уметницата Искра Димитрова, која го брани своето дело и за сите критики одговори дека биле само израз на ниво на култура. Штета што Димитрова мисли дека во случајов навистина станува збор за култура.

Но во целата оваа тажна приказна го имате народот, кој мора да го запамтите во вакви моменти, формата на неговото тело и изразот на лицето, затоа што сите тела се исти, сите лица се идентични. И како е присилен да живее во грч додека немо слуша за стотици милиони евра народни пари, па уште кој знае колку стотици милиони евра кредити, кои повторно ќе ги плаќа тој, згрчен од незнаење и немоќ. Така тој народ постојано ги подметнува христијанските образи за нови и нови шлаканици, за кои секоја уметност горчливо би заплакала. До бога, па нека го изделка некој тој народ. Ајде, уметници, немојте да кажете дека сте во очај и затечени во некој париски салон, лелекате за несфатеноста и за минливоста на уметноста. Образите на тој народ му се зацрниле од срамот низ кој лесно поминуваат деновите, но годината навистина никако.

Или, можеби, треба да се гордееме со трибината на партијата во Драмски театар, која го окупирала и ја оставила публиката да чека пред врата? Се разбира, никогаш немаше да дознаеме за тоа ако актерката Лилјана Велјанова, една од ретките храбри уметници кои застануваат во одбрана на саканата професија и публиката, не напишеше отворено писмо, затоа што, вели: "Знае ли партијата што е театар... што значи публиката за еден театар?" Не знае, госпоѓо Велјанова, а се обложувам дека и нема поим која сте вие, не па дека сте една од најдобрите актерки на македонското глумиште. Не знае ниту што зборувате, а и зошто воопшто кога ви го краде театарот. Како вели Фрчкоски: се создава братство на браќа и сестри во екстатичен танц околу племенски оган, кои се стаааат во позиција на жртви кои рекле големо "не" на сите кои не ја прифаќаат правдата. А правдата е растеглива категорија, му припаѓа само на светото братство и само тоа може да располага со неа, како и со казната. Француските избори се нашето бегство. Штета што ниту една телевизија не посвети барем една емисија за нив, можеби, некаде некој во земјава ќе сфати дека оваа земја не е центарот на светот. Саркози пред една недела, додека се поздравуваше со маса луѓе, го скри часовникот "патек филип" (55 илјади евра, според некои француски медиуми) во џебот. Заклучок: луѓето се супер, но, исто така, се и крадци (коментар на социјалните мрежи). Тоа е земјата за нас.